РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 02.10.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 6520 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ” бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот музичко образование за I одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
ОШТЕТЕН ВИД

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

I ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2008

# 1. ВОВЕД

Музиката е исклучително важен дел на човековата култура и живот и таа треба да има свое значајно место во воспитанието и образованието. Целта на наставата по ***музичко образовани***е е учениците да ја засакаат музиката, кај нив да се роди желба за активно занимавање со неа: да пеат, свират и слушаат музика, да ги развијат своите музички способности.

Музиката и песната им помагаат на учениците со оштетен вид (посебно слепите ученици) да ја разберат убавината на природата, убавината на човечкото творештво и да се чуствуваат пријатно и радосно.

Музичкото образование, како за должителен предмет за учениците од I до IX одделение, треба да го подготви ученикот за живот, т.е. да го оспособи да стане активен корисник и чинител на музичката култура, како во училиштето, така и во секојдневниот живот.

Заедно со ликовното образование и со другите содржини присутни во одредени предмети (на пример, во мајчиниот и странскиот јазик) музичкото образование треба да влијае врз облагородување на учениците, развојот на нивните естетски чувства, способноста за разбирање и доживување на музичката уметност, да им се овозможи постепено да се вклучуваат и да учествуваат во музичкиот живот во својата околина.

Музичкото образование има посебна важност учениците со оштетен вид (посебно за слепите ученици) во развивањето на координираноста на движењата, ориентацијата во просторот, отстранувањето на непотребни движења и обучувањето на мимиката на лицето. На часовите по ***музичко образование*** учениците со оштетен вид го развиваат музичкиот слух, се развиваат навики за слушното перципирање и се зголемува обемот на слушни претстави.

Изучувањето на музиката, од најраните години во развојот на детето, е идеално за комплексното делување врз детската личност, за силно поттикнување на позитивните емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа и одговорноста. Музичкото образование треба да даде значаен придонес во развојот на детето, во стекнувањето на култура на однесувањето, како и во поттикнување на музичкото изразување.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да се воведува во спознавањето на основните музичко - изведувачки активности (пеење, свирење на детски музички инструменти, музичко - ритмички активности) како и во слушањето музика;
- да ја доживее убавината на музиката;
- да се поттикнува да пее, свири, игра, слуша музика;
- да ги перципира музичките дела;
- да се ослободи од стрес, емоционална напнатост преку слушање музика и музичко изразување;
- да покажува интерес и желба за изведување на музичките активности;
- да стекне самодоверба во извршувањето на музичките активности (ориентација во простор, координација на движењата, запазување и менување на редоследот на движењата, извршување на целовита психомоторичка активност);
- да развива аудитивна и тактилна перцепција;
- да го открива и почитува сопственото музичко изразување и да го почитува музичкото изразување на другите;
- да се запознае со детски песни, кратки вокално-инструментални творби како и дел од народното музичко творештво;
- да се движат по тактот на музиката;
- да се развива координацијата на движењата;
- да ги развиваат музичките способности: слухот, чувството за ритам и музичкото помнење;
- да го држи правилно телото;
- да се поттикнува за работа во пар и во група;
- да се воведува во користењето на информатичката компјутерска технологија во музичкото изразување.

# 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да развива пејачки став (правилно седење, држење на телото, дишење);
- да развива навика за слушно перципирање;
- да го развива аудитивното помнење;
- да ја развива мимиката  на лицето (правилно отворање на устата, правилно држење на главата);
- да развива навика за култивирано пеење (умерено пеење, без гримаси, дигање на рамења и викање);
- да пее песни со разновидна ритмичко - мелодиска линија;
- да се оспособува за активно слушање на музиката;
- да препознава вокална од инструментална изведба;
- да усвојува движењата во музичко - ритмичките активности;
- да се стимулира ориентацијата во просторот;
- да развива осет за ритам;
- да се запознае со некои детски музички инструменти и да прави обиди за нивно користење;
- да развива интерес за изведување на звучни ефекти, спонтани импровизации на кратки музички мотиви и др.;
- да прави разлика меѓу основните видови темпа (бавно-брзо);
- да прави разлика меѓу основните видови на динамика (силно-тивко);
- да се воведува во музичкото творештво;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| 1. ПЕЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да ги препознава звуците од природата и околината;<br>- да имитира звуци од природата и околината;<br>- да стекнува навика правилно да го држи телото при пеење;<br>- да развива осет за ритам;<br>- да помни и репродуцира едноставни песни;<br>- да пее песни вокално и со инструментална придружба;<br>- да пее песни различни по содржина и карактер. | - Звуци<br>- Правилен став при пеење<br>- Ритам<br>- Пеење | - Звук,<br>- глас,<br>- пејач/пејачка,<br>- бројалка,<br>- брзозборка,<br>- песна,<br>- мелодија. | - Слушање и имитирање на звуци од природата и околината, препознавање и именување (пријатни, непријатни за нив) преку: слушање на пеењето на птиците, кочење на автомобил, топот на коњ, дожд, шумолење на лисјата, грмотевици, шкрипење на столче и др.;<br>- вежби за правилно пеење, држење на телото,<br>- вежби за дишење; вежби за правилно отворање на устата и правилен изговор на зборови (да пее без напрегање, умерено, без гримаси, дигање на рамената, без викање и др.);<br>- изведба на бројалки и брзозборки со точен ритам и јасна дикција (пр., бројалки и брзозборки познати на учениците)<br>- пеење песни различни по содржина и карактер (пр., пее песни за годишни времиња, дестки песни народни песни и др.). |

| 2. МУЗИКА И ДВИЖЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да развива осет за ритам;<br><br>- да се поттикнува да ги усогласи своите движења со ритмот на музиката;<br><br>- да се поттикнува да ги усогласи своите движења со музичките карактеристики (ритам, темпо, динамика);<br>- да развива грациозност во движењата;<br>- да се запознае и изведе едноставни народни ора;<br>- да го држи телото правилно во игра и при танц. | - Музичко- ритмички чекорења (чекорење, марширање, потскокнување)<br><br>- Музички игри<br><br>- Танцување | - Чекорење,<br><br>- марширање,<br><br>- потскокнување,<br><br>- танц, оро. | - Вежби за правилно одење, исправено држење на телото;<br>- изведба на музичко - ритмичките чекорења (чекорење, марширање, потскокнување, лупкање со една нога или со двете нозе, наизменично, поединечно кружење и во пар);<br>- држење со рацете на една па на друга страна, плескање и мафтање со рацете, вртење на рацете во круг;<br>(пр.: изведување на чекорите на музиката со маршов ритам (пр.: Чајковски „Детски албум”: „Марш на дрвените војничиња”) во постојано темпо и со промена на темпото, како и со промена на правецот на движење;<br>- поставување на нозете на прсти и петици, тупкање со нозете по земја, застанување, тропкање во различен ритам,<br>- изведување на чекори во сите ставови, поскоци од една на друга нога;<br>- изведување на потскокнувања на музичката придружба со **staccato;**<br>- комбинирање на чекорења и потскокнувања;<br>- изведување на движење во парови држејќи се со една, со обете раце и под рака;<br>- учество во музички игри;<br>- изведба на елементарни танци и ора. |

| 3. СЛУШАЊЕ МУЗИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да препознава звуци од природата и околината; (пријатни и непријатни звуци за него/неа);<br>- да илустрира звуци преку апликации;<br>- да слуша и препознава: вокална и инструментална и вокално-инструментална музика;<br>- да ја препознава слушаната музика (весела, тажна, брза, бавна)<br>- да разговара за музиката што ја слуша;<br>- да препознва народни песни. | - Слушање звуци од природата и околината<br><br>- Слушање вокална и инструментална музика<br><br>- Слушање музички фолклор (народни песни) на својата етничка заедница и на други заедници | - Звук,<br><br>- шум,<br><br>- глас,<br><br>- инструмент,<br><br>- химна,<br><br>- народна песна. | - Слушање и ги препознавање звуци од природата и околината, на пр., ученикот го слуша пеењето на птиците, кочење на автомобил, шумолењето на лисјата, грмотевици, шкрипење на столче, гужвање на лист од хартија и др. и со одредени апликации обележува звуци од природата и звуци од околината;<br>- слушање и погодување кои се пријатни за учениците (пеење на славејот - лепи одредена апликација) и непријатни за учениците (шкрипење на столчето - и лепи одредена апликација);<br>- слуша вокално- инструментална музиката, на пр., песна од детски фестивал и треба да воочи дали слуша вокал (глас) и дали слуша инструмент;<br>- слуша инструментално дело на пр., „Лет на бумбарот” ком. Николај Римски Корсаков и други дела;<br>- на пр., ја слуша химната на Р. Македонија;<br>- слушање народна песна, на пр., народната „Билјана платно белеше” и оро „Право оро”. |

| 4. СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да развие осет за ритам;<br><br>- да се запознае со неколку детски музички инструменти. | - Ритам<br><br>- Запознавање со детските ритмички инструменти<br><br>- Свирење на детски ритмички инструменти | - Ритам,<br><br>- имиња на детски музички инструменти (кои се користат во училиштето). | - Изведување ритмички мотиви со плескање со рацете, тропање со нозете, чукање со две стапчиња и др.;<br>- ритмичко следење на песните, бројалките, стихотворбите и приказните;<br>- испитување и откривање на звучните својства на инструментите направени од природни материјали (пр., едни празни пластични чаши наполнети со ориз, други со гравче и трети со каменчиња);<br>- откривање и разликување на детските ритмички инструменти (пр., чука на стапчиња, тропалки, даире, тапан, свонч, ксилофон, триангл и др.);<br>- свирење на детски ритмички инструменти направени од природни материјали;<br>- изведба со детски ритмички инструменти (пр., повторува кратки ритмички мотиви). |

| 5.ОСНОВИ НА МУЗИЧКАТА ПИСМЕНОСТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги препознава основните видови на темпо (бавно - брзо);<br><br>- да ги препознава основните видови на динамика (силно – тивко). | - Основни видови на темпо (бавно - брзо)<br><br>- основни видови на динамика (силно - тивко) | - Бавно движење,<br><br>- брзо движење,<br><br>- силно,<br><br>- тивко. | - Слушање музички примери и преку движење на телото изразување основи видови темпо (бавно-брзо), на пр., чукање на часовникот (бавно- брзо) или движење на полжавот (бавно движење) и зајакот (брзо движење);<br>- ги усогласува своите движења со музиката: лупкање со рацете, нозете, чекорење и потскокнување (бавно – брзо) според музичката придружба;<br>- препознавање на основните видови темпо (силно - тивко) (преку игра на скриен предмет: пр., се учи кратка песна и се пее со различна јачина: ако ученикот се приближи до предметот, тогаш песната ќе се пее посилно или ако се наоѓа далеку ќе пее потивко - детска игра). |

## 6. ОСНОВИ НА ДЕТСКОТО МУЗИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се поттикнува за музичко изразување со глас, свирење, движење и др.;<br><br>- да стекнува сигурност и самодоверба во сопственото музичко изразување;<br><br>- да ужива во музичкото изразување. | - Креативно изразување преку пеење (со движење и свирење) | | - Ученикот/ученичката на обработена песна или музички пример самостојно создава сопствена кореографија со движење на своето тело, измислување на чекори и движења со рацете;<br>- креативно изразување и творење на слушаните песни и музичките примери (мали музички реченици, бројалки, куса музичка приказна);<br>- учество во игри (на пр. како чука клукајдрвецот);<br>- учество во активности во кои учениците наместо да одговараат со зборови одговараат со пеење (со пеење го кажува своето име);<br>- истражување на својот глас и др.(тивко-гласно-најгласно); - игра „Детски фестивал’’). |



РЕПУБЛИКА ... МИНИСТЕРСТВО ЗА ... Биро за развој ... СКО...

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини од предметот ***музичко образование*** даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од наставните програми по мајчин јазик, математика, англиски јазик, запознавање на околината, физичко и здравствено образование и ориентација и мобилност. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

Наставникот им помага на учениците со оштетен вид да се запознаат со природата и чувствата преку музиката. Со изборот на музички дела кои се весели по содржината и тоналитетот, учениците со оштетен вид се поттикнуваат, се активираат, се збогатуваат со позитивни емоции и се зголемува нивниот животен тонус.Учениците со оштетен вид често ја поврзуваат содржината на научената песна со нејзинотиот музички израз. Затоа наставникот треба да планира посебни вежби за сфаќање на музички изрази според темпото на музиката (пример приказна – музички израз). Перципирањето и разбирањето на музиката се продлабочува кога учениците учат самостојно да ги репродуцираат музичките дела.

Важно место во работата со учениците зазема работата со хорот и индивидуалното пеење. Со пеење полесно се контролира промената на јачината, интонацијата и артикулацијата на зборовите. Со постојано вежбање на пеењето се зацврстуваат гласовните врски, говорот станува ритмичен, изразен, со што се овозможува полесна корекција на недостатоците во изговорот (артикулацијата).

Хорското пеење овозможува да се совладаат тешкотиите како што се неправилниот став на телото, неправилната положба при пеење и сл. За време на пеењето наставникот ги учи учениците со оштетен вид да земаат воздух помеѓу зборовите, правилно, разбирливо и јасно да ги изговараат зборовите, да пеат изведувајќи музички нијанси (потивко, посилно, побрзо, поспоро и сл.). Хорското пеење создава поволни услови за развивање на колективното чувство и колектив. Несигурноста во движењата кај слепите ученици се совладува и на часовите по музичко образование со вежби преку кои тие ги подредуваат своите движења на ритмот на музиката.

При реализирањето на содржините наставникот треба да го поттикнува и фали секое дете при музичкото изразување и не смее да се дозволи да се прави атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

- **Годишен фонд на часови**

| | **ТЕМИ** | **Број на часови** |
|---|---|---|
| 1. | Пеење | 20 часа |
| 2. | Музика и движење | 25 часа |
| 3. | Слушање музика | 12 часа |
| 4. | Свирење на детски музички инструменти | 4 часа |
| 5. | Основи на музичката писменост | 3 часа |
| 6. | Основи на детското музичко изразување и творење | 8 часа |
| Вкупно: | | 72 часа |

*Забелешка:Бројот на часовите е даден ориентационо.*

- **Наставни средства:**
  - аудио- визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
  - детски музички инструменти;
  - дидактички средства и материјали;
  - разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
  - визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
  - тактилни наставни средства (релјефни слики, термоформ фолии)
  - Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичкото изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување).

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

На крајот на годината се изведува сумативна опсина оценка.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за I одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во прво одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- Дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ДОНЕСЕНА НА 21. 06. 2007 ГОДИНА СО РЕШЕНИЕ БР. 10-1009/2, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД ЈА АДАПТИРАШЕ КОМИСИЈАТА ВО СОСТАВ:

1. Марија Симонова, советник за посебно образование, БРО - Скопје
2. м-р Елизабет Солтирова, директор, ОУ „Владо Тасевски" - Скопје

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***музичко образование*** за прво одделение во деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-1960/5
02.10 2008 год.
СКОПЈЕ

---------------------------------------------

Перо Стојановски,
министер за образование и наука

Скопје ____________________